Здружение на финансиски работници
на локалните самоуправи и јавните претпријатија
Association of finance officers
of the local governments and public enterprises

Број: 03 - 220
10.09.2026 година
В е л е с

До
Сектор / одделение за јавни набавки
/ правни работи / ревизија

**Предмет: Покана за работилница**

**Почитувани,**

Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија, следејќи ги потребите и барањата за обука, потребата за меѓусебно континуирано информирање, размена на информации и зголемување на вештините, како и новините во законската регулатива со задоволство Ве поканува на работилницата:

**„КЛУЧНИ АКТИВНОСТИ ПРИ ПЛАНИРАЊЕТО И СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПОСТАПКИТЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ“**

која според приложемата агенда ќе се одржи на **22 септември 2026 година во хотел „Гардениа“, Велес.**

Работилницата претставува одлична можност од обезбедените високо квалитетни експерти-практичари:

- **д-р Маре Богева Мицовска, директор на Биро за јавни набавки, сертифициран обучувач по јавни набавки**
- **м-р Катерина Николовска, експертка, практичарка и обучувачка од областа на јавните набавки**

да се добијат стручни и компететентни насоки за постапување, да се дискутираат и апсолвираат прашања поврзани со:

- Планирање на постапките за јавни набавки (период на започнување на планирањето; потребни влезни податоци; можни ризици од неправилно планирање; можно менување на планот за јавни набавки)
- Изготвување на тендерска документација и техничка спецификација (области на кои треба да се посвети внимание при објава на огласот и изготвување на тендерска документија; потребни податоци кои се внесуваат во огласот и нивно влијание во целата постапка и реализација на договорите)
- Спроведување на постапката и евалуација на понудите (Вовед во процесот на евалуација, Утврдување способност и евалуација на понудите, Прифатливост на понудите и предлог за избор, Донесување одлука за избор или поништување, Склучување на договор или рамковна спогодба)
- Новитети во јавните набавки (Кои новини се очекуваат во однос на Законот за јавните набавки? Кои измени се очекуваат во Електронскиот систем за јавни набавки? Примери од пракса / Дискусија – Преглед на чести административни и правни пропусти)

Темите на работилницата се актуелни и неопходни за правилно и законско постапување. Тие се однесуваат на сите институции од јавниот сектор и се релевантни за единиците на локалната самоуправа, буџетски корисници, единки корисници, јавните здравствени установи, јавните установи, јавни претпријатија / јавни комунални претпријатија, акционерски друштва и други заинтересирани страни.

Надоместокот за учество на работилницата е задолжителен за сите пријавени за учество на работилницата и изнесува **8.500,00 денари (со ДДВ)** по учесник со вклучени работни материјали, кафе пауза и ручек. За повеќе од две лица – учесници на работилницата, од иста институција, одобруваме попуст од 10% на вкупната сума за сите учесници.

Надоместокот за учество на работилницата можете да ја уплатите на:

**Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија:**
**Сметка 300270000017628 - Комерцијална Банка АД Скопје**
**Сметка 200000026137030 - Стопанска Банка АД Скопје**
**Даночен број МК 4004997107233**

Учесниците на работилницата ќе добијат сертифат за учество на работилницата.

**Пријавување учество за работилница:**

Во функција на добро организирање на работилницата, Ве молиме навремено да го пријавите Вашето присуство во **Здружението на финансиските работници**. Вашите пополнети пријави за учество на работилницата ги очекуваме на емаил: kontakt_zfr@yahoo.com и zfrlsjpv@gmail.com. Формуларот Пријавите за учество на работилницата и агендата се поставени на нашата веб страна https://zfr.org.mk/ За сите дополнителни информации обратете се во канцеларијата на Здружението на финансиски работници, на тел. 043/230-623, моб. 070/265-401; 076/265-136 или преку наведените емаил адреси.

Ве очекуваме да ни се придружите и заеднички да ги разрешиме сите отворени прашања и дилеми поврзани со темите од работилницата.

Со почит,

**Извршен директор,**
м-р Зоран Јанкуловски